# ЕКСПОЗЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАНУ, АКАДЕМИК ЖИВКО ПОПОВ: МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ (МАНУ) ВО 2023 ГОДИНА И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД, А ПРЕД СЀ, ВО 2024 ГОДИНА

Почитувани академици, уважени гости,

Во Извештајот за работата на Македонската академија на науките и уметностите во 2023 година, што треба да биде усвоен на денешново Редовно годишно собрание, е даден опстоен, сеопфатен и детален преглед на целокупната дејност на МАНУ во 2023 година, реализирана во текот на претседателскиот мандат на сега веќе претходниот состав на Претседателството на МАНУ.

Инаку, овој извештај процедурално ќе биде објавен во посебното издание „Летопис на МАНУ“ за 2023 година, кое, преку дистрибуцијата на Летописот до соодветните институции и преку Книжарницата на МАНУ, ќе биде достапно до научната, стручната и пошироката јавност во нашата земја.

Затоа, во денешното експозе посебно ќе се осврнам на сумарниот приказ на основната дејност на Академијата – научното и уметничкото творештво, и на нејзина квалитативна оценка и вреднување.

МАНУ, во извештајниот период, оствари извонредно богата и содржајна научноистражувачка и уметничка дејност, и покрај рестриктивните решенија кои органите на МАНУ беа принудени да ги донесат поради континуираниот пад на средствата определени за основната дејност на МАНУ, особено во текот на извештајната година. Па така, во 2023 година, во МАНУ се работеше на 67 научноистражувачки и уметнички проекти. Притоа, 47 проекти се изготвуваа во рамките на нашите шест одделенија, а 20 проекти во рамките на нашите осум истражувачки центри. Од вкупно 67 проекти, 10 проекти претставуваат билатерални научноистражувачки и уметнички проекти (1 со Унгарската академија на науките, 2 со Црногорската академија на науките и уметностите и 7 со Српската академија на науките и уметностите), 14 научноистражувачки проекти се типично меѓународни и се реализираат од фондовите на ЕУ, Националниот институт за здравје на САД, Германската фондација за истражување, Кинеската академија на науките и од други извори на средства.

Во 2023 година, во МАНУ се организираа и се одржаа и над десетина настани од различни области на науките и уметностите: две научни конференции (од кои една е меѓународна), три свечени собири, четири промоции и по еден настан организиран како: научен собир, работилница, расправа и обука, како и една изложба.

Покрај тоа, Академијата, во 2023 година, организираше и 15 предавања на истакнати научници од земјата и од странство, вклучувајќи ги тука и пристапните предавања: на новоизбраниот дописен член во работниот состав на Академијата, проф. д-р Зоран Хаџи-Велков, на тема: „Безжичен пренос на енергија и информација – од разговорот меѓу Шенон и Тесла“; на новоизбраниот редовен член во работниот состав на Академијата, акад. Сашко Кедев, на тема: „Клинички студии и сопствени искуства што ја редефинираа кардиолошката пракса во изминативе две децении“; на новоизбраниот дописен член во работниот состав на Академијата, проф. д-р Веселинка Лаброска, на тема: „Македонскиот јазик и македонско-балканскиот светоглед“; на новоизбраниот дописен член во работниот состав, проф. д-р Лилјана Макаријоска, на тема: „Македонскиот јазик како огледало на народната култура“; на новоизбраниот дописен член во работниот состав

на Академијата, Дијана Плашеска-Каранфилска, на тема: „Геномска медицина од истражување до клиничка примена“; на новоизбраниот редовен член во работниот состав на Академијата, акад. Марјан Марковиќ, на тема: „Македонскиот јазик низ призмата на семантичка деривација“; на новоизбраниот дописен член во работниот состав на Академијата, проф. д-р Сашо Цветковски, на тема: „Иконографските и тематските особености на живописот на Дичо Зограф“; на новоизбраниот редовен член на Академијата, акад. Драги Ѓоргиев, на тема: „Македонската историографија во периодот на транзиција“; на новоизбраниот редовен член на Академијата, акад. Александар Димовски, на тема: „Персонализирана медицина – овде, таму и понатаму“; на новоизбраниот член надвор од работниот состав на Академијата, проф. д-р Панче Наумов, на тема: „Паметни материјали и иднината на светот“; на новоизбраниот редовен член во работниот состав на Академијата, акад. Димитар Ефремов, на тема: „Иновации во хроничната лимфоцитна леукемија и нивниот импакт во третманот на малигните хематолошки болести“.

Во текот на оваа година се реализираа и шест значајни настани во рамките на Научната и уметничка визита во Куќата „Уранија“ во Охрид (Охридска школа на природното право, лингвистичка работилница, промоција, изложба, поетска средба и меѓународна научна конференција).

Академијата, исто така, реализираше и богата издавачка дејност, и покрај максимално лимитираните буџетски средства за оваа намена и донесените рестриктивни решенија во согласност со нив. Па така, во 2023 година, МАНУ објави 24 изданија – 11 периодични и 13 посебни изданија, од коишто едно од нив беше и финансиски потпомогнато од Владата на РС Македонија, а подготви и плакати за Научната и уметничка визита 2023 во Научниот и уметнички центар „Уранија“ во Охрид, како и постери и банери за одреден број конференции. Во оваа пригода, сакам да истакнам дека периодичните изданија *Прилози*, на Одделението за медицински науки и на Одделението за природно-математички и биотехнички науки, се индексирани во познати светски бази на реномирани научни списанија. Во рамките на посебните изданија на МАНУ, публикувани се значајни и вредни дела на академиците од областа на лингвистиката, книжевноста, историјата, правото, економијата, медицината, историјата на уметноста, археологијата, технологијата, екологијата и од други области. Вкупниот обем на објавени страници изнесува околу 7.000.

Научното и уметничкото творештво на членовите на МАНУ, дома и во странство, продолжува со несмален интензитет. Членовите на Македонската академија на науките и уметностите објавиле и приредиле 54 монографии, од кои 47 на македонски јазик и 7 на други јазици. Во научни и стручни списанија, зборници на трудови или во електронска форма (онлајн), на интернет, членовите на МАНУ објавиле вкупно 183 трудови, од кои 87 во странски списанија или зборници. Во списанија со фактор на влијание се објавени 52 труда, од кои само од ИЦГИБ се објавени 15 научни трудови, во научни списанија со просечен фактор на влијание (IF) 9,814, произлезени од добиените резултати од областа на персонализираната медицина и детекцијата на неинвазивни предиктивни биомаркери во канцерните заболувања. Членовите на МАНУ, во 2023 година, учествувале на 94 научни и стручни собири (од кои 63 во странство) и одржале 26 предавања или презентации.

Во сферата на научноистражувачката и уметничката дејност, членовите на МАНУ учествувале во 42 научноистражувачки, литературно-книжевни или уметнички проекта во други институции (од кои 35 во странски институции), објавиле 78 раскази, песни или одломки од прозни текстови и стихови, одржале 3 самостојни изложби, а со свои дела учествувале на 5 групни изложби и воделе или учествувале на 14 семинари, работилници, дебати и литературни манифестации. Членовите на МАНУ, во 2023 година, создале 55

слики (во акварел, маслена и комбинирана техника) и 30 мозаици. Членовите на МАНУ се главни уредници, заменик-уредници или членови на уредувачки одбори, на 54 домашни и на 47 странски зборници и списанија (печатени или електронски) од областа на науката, културата и уметноста. Во контекст на својата дејност, членовите на МАНУ, исто така, оствариле два студиски престоја во странски научноистражувачки институции. За својата плодна и успешна научноистражувачка и творечко-уметничка дејност, членовите на МАНУ, во 2023 година, добиле 3 странски и 10 домашни награди и признанија. Заклучно со 2023 година, 10 членови на МАНУ се членови на Европската академија на науките и уметностите. Академик Газанфер Бајрам е избран за странски член на Академијата на науките и уметностите на Босна и Херцеговина, а посебно би ги издвоил нашите доајени: акад. Зузана Тополињска, на која, на 30 јануари 2024 година, ѝ беше доделен Медал за заслуги на Република Северна Македонија, што го доделува Претседателот на државата, а акад. Влада Урошевиќ, заклучно со февруари оваа година, доби дури осум награди и признанија, од кои ќе издвојам само неколку од нив: наградата „Роман на годината“, за романот со наслов „Вистинита, но не многу веројатна историја на семејството Пустополски“ (Фондација „Славко Јаневски“), наградата „Златен венец на Струшките вечери на поезијата“, наградата „13 Ноември“, во областа на публицистиката, што ја доделува Град Скопје, Орден „Сретење – прв степен“ за особени заслуги на Република Србија и на нејзините граѓани во областа на културата итн.

Во текот на 2023 година се одвиваа и активности и настани поврзани со меѓународната и со научната соработка со академиите со кои МАНУ има склучено договори за соработка, со асоцијациите на академии во кои членува МАНУ, како и со други организации и институции, меѓу кои: посетата на Црногорската академија на науките и уметностите; учеството на 7-от состанок на Заедничката научна конференција за процесот на Западен Балкан, во Академијата на науките на Албанија; посетата на Академијата на науките и уметностите на Република Српска, по повод прославата на 30-годишнината од нејзиното основање; студискиот престој во Македонија, остварен во рамките на соработката на МАНУ со Романската академија, а во рамките на одбележувањето на Денот на МАНУ; на 9 октомври 2023 година, во МАНУ беше отворена Изложбата на Црногорската академија на науките и уметностите „AD INFINITUM“, додека, пак, соработката на МАНУ со Српската академија на науките и уметностите, со Црногорската академија на науките и уметностите и со Унгарската академија на науките, се одвиваше во рамките на конкретната тековна проектна соработка.

Почитувани академици, уважени гости,

Мојата резимирана оценка за суштинските карактеристики на основната дејност на МАНУ во текот на 2023 година е следнава:

– Прво, и покрај рестриктивните решенија, коишто органите на МАНУ беа принудени да ги донесат поради континуираниот пад на средствата предодредени за основната дејност на МАНУ, особено во текот на извештајната година, Академијата успешно и навремено ги реализираше активностите и настаните предвидени со Програмата за работа на МАНУ во 2023 година, која и во оваа година се одликуваше со својата комплексност и со својата разноликост според содржините од сите области на академиската научноистражувачка и уметничка дејност.

Второ, содржините на Програмата за работа на МАНУ во 2023 година, посебно оние најнепосредно поврзани со нашата основна дејност, суштински гледано, упатуваат на посветеноста на МАНУ на два основни, заемно условени и меѓузависни приоритети од

клучно значење за идниот развој на земјата: прво, *фокусирање врз реформските приоритети во различните области на науките и уметностите*, содржани во нашиот документ насловен како *Приоритети на идниот развој на Република С Македонија*, преку преземањето низа активности во рамките на основната дејност на МАНУ; и второ, *потрага по одговори за новите предизвици на времето во кое живееме и работиме,* преку изработката на *Националната стратегија за развој на Македонија,* во следните 20 години, а врз основа на веќе извршена анализа на состојбите во земјата. Нацрт-извештајот за работата на МАНУ во 2023 година е фактографски документ за усогласеноста на работењето на МАНУ со претходноутврдените програмски активности.

Трето, со задоволство можам да констатирам дека во МАНУ се зголемува бројот на научни проекти, научни расправи (меѓународни и домашни конференции, симпозиуми, советувања, тркалезни маси и сл.) и на изданија на МАНУ, кои се сосредоточени врз реформските приоритети на земјата и кои, во согласност и со нашата советодавна функција, сè повеќе се ориентирани кон креирање политики во соодветната област *(policy oriented),* т. е. настојуваат да предложат научно фундирани препораки, насоки и сугестии за креаторите на политиките во одделните области од научното и уметничкото творештво. Во овој контекст, посебно сакам да го истакнам учеството на Академијата во изготвувањето на *Националната стратегија за развој на Македонија* до 2040 година, проект координиран од УНДП, во кој активно работеа членови и научни соработници на МАНУ, во рамките на конкретни тематски целини: Владеење на правото и доброто управување; Одржлива, иновативна и конкурентна економија; Одржлив локален и регионален развој кој обезбедува кохезија; Демографска ревитализација, социјален и културен развој и Зелена транзиција. Исто така, во текот на 2023 година, Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија „Георги Д. Ефремов“ ја заокружи работата на проектот „Унапредување на капацитетот на Националниот центар за геномика и протеомика при ИЦГИБ – МАНУ, во областа на персонализираната медицина“, кофинансиран од Министерството за образование и наука (МОН), при што Центарот се здоби со најсовремена опрема од областа на геномиката.

Четврто, меѓународната димензија во нашата научноистражувачка работа и во уметничкото творештво успешно се одржува и понатаму се засилува, за што говори и порастот на приходите на сметките на буџет од донации, наменски сметки преку кои се финансира научноистражувачката работа, главно, од меѓународни извори, за 33,66 % во 2023 година во споредба со 2022 година, што има посебно значење за меѓународниот углед на македонската наука, уметност, култура, на нашата Академија и на земјата во целина.

Со Предлог-програмата, пак, Академијата почнува со реализација на своите програмски активности во новиот состав на Претседателството на МАНУ, па така, во 2024 година, начелно е предложена обемна и богата работна програма. Во научната програма за 2024 година се вклучени вкупно 84 научноистражувачки и уметнички проекти од разни области, при што финансирањето на дел од нив е условно одобрено, поради дополнителниот пад на и онака максимално ограничените средства за оваа намена, така што би сакал да истакнам дека актуелниот состав на раководството на Академијата затекнува средства предодредени за реализирање на основната дејност на МАНУ, коишто се намалени за повеќе од 40 % во однос на висината на овие средства на почетокот на претходниот мандатен период. Во делот за реализација на проекти, 47 проекти ќе се реализираат во рамките на одделенијата на МАНУ, а 37 проекти во рамките на истражувачките центри на Академијата. Од вкупниот број научноистражувачки и

уметнички проекти, 28 научноистражувачки проекти целосно се финансираат од меѓународни извори, додека во рамките на билатералната соработка со Српската академија на науките и уметностите ќе се реализираат седум заеднички научноистражувачки проекти, а еден проект со Црногорската академија на науките и уметностите, по што ќе се објавуваат и ќе се промовираат резултатите од истражувањата извршени во проектни рамки.

Одделенијата и истражувачките центри на МАНУ, во своите програмски активности, предвидуваат реализација на околу 38 научни собири (домашни и меѓународни научни конференции, тркалезни маси, работилници, јавни дебати и сл.), свечени собири, промоции и изложби. Од нив, повеќе од половина би биле реализирани во рамките на предвидените активности на Одделението за лингвистика и литературна наука и на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика, каде што доминираат теми поврзани со македонската книжевност и со научното истражување на македонскиот јазик, и во рамките на планираните активности на Одделението за општествени науки и на Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“, каде што доминираат теми поврзани со високото образование и научноистражувачката дејност, историјата, судството, економијата и евроинтеграцискиот процес на земјата.

Програмата за работа на МАНУ во 2024 година предвидува и обемна издавачка дејност – 25 периодични изданија и 50 посебни изданија. Но, повторно, поради значително намалениот износ на издвоениот дел за МАНУ од средствата од Републичкиот буџет, органите на Институцијата ќе бидат принудени да направат избор на приоритетни изданија и да ја ограничат планираната богата издавачка дејност како една од стожерните дејности во рамките на основната дејност на МАНУ. Во текот на 2024 година, МАНУ планира да организира и промоции на своите публикации, заради запознавање на пошироката научна и стручна јавност, како и на владините функционери, со резултатите од нејзиното научно и уметничко творештво. На тој начин, МАНУ ќе учествува во креирањето на политиките во областа на науките и уметностите и во вкупниот развој на земјата. **Програмата** на Македонската академија на науките и уметностите за 2024 година е **отворена и флексибилна**, и таа ќе се изменува и ќе се дополнува со предлози што ќе ги прифати Претседателството на МАНУ, а ќе се реализира во рамките на одобрените буџетски средства од сите извори на финансирање, утврдени во Буџетот на Академијата.

**Ова мое прво експозе по Изборното собрание** го гледам и како можност уште еднаш пред јавноста да ги претставам приоритетите на новото раководство кон кои ќе биде насочена Програмата за работа на МАНУ во периодот од 2024 до 2027 година. Имено, заедно со новото раководство, ќе продолжиме посветено да работиме за Академијата, на понатамошното зајакнување на институционалниот капацитет на МАНУ и на одржувањето на нејзиниот дигнитет како највисока, самостојна научна и уметничка институција, која речиси 60 години претставува еден од главните столбови на идентитетот и на државноста на македонскиот народ и на деловите на другите народи, давајќи перманентен придонес во чувањето и негувањето на културното и духовното наследство на македонската нација.

За таа цел, неопходно е да има повеќе дијалог и доверба во Академијата, меѓу академиците, одделенијата, центрите, да се воспостават редовен дијалог и соработка, пред сѐ, со универзитетите и научните институции, како и со Владата, државните структури и

со администрацијата, со цел полесно да се наоѓаат решенија за постојните проблеми. Потребно е раздвижување на сите овие активности по намалените можности за комуникација, што беше наметнато од неколкугодишната пандемија од ковид-19, и тоа:

1. Преку **зголемување на бројот на научноистражувачки проекти** на домашната и на меѓународната сцена, кои ќе резултираат со национални секторски стратегии, важни за развојот на општеството и на благосостојбата на граѓаните;

2. Преку проширување и **зајакнување на соработката, пред сè, со академиите во Регионот**, особено со оние од поранешните југословенски републики, со кои имаме многу слична структура, лесно се разбираме и од кои имаме голема поддршка во врска со идентитетските прашања и со прашањето за македонскиот јазик, како и со сите други академии на Балканот, Југоисточна Европа и во светот, воопшто.

**Во меѓународната соработка**, јакнењето на меѓународната димензија во научноистражувачката и уметничката дејност на МАНУ останува наш значаен приоритет, така што и оваа година ќе се работи на зголемувањето на бројот на апликациите поднесени од МАНУ за добивање меѓународни проекти со финансиска поддршка од европските фондови и од други меѓународни организации и институции, а според тоа и на бројот на добиени и реализирани проекти и средства од странски извори.

Поаѓајќи од фактот дека меѓународната соработка во областа на науките и уметностите има клучно значење за подигање на квалитетот на научното и уметничкото творештво, за афирмација и препознатливост на македонската наука, уметност и култура во светот, за подигање на угледот и на репутацијата на Академијата, но и на статусот на РС Македонија во меѓународни размери, посебно внимание ќе се обрне на целта, оваа соработка, исто така, закочена за време на пандемијата, видно да се интензивира. МАНУ има потпишано над 36 договори и разни протоколи со странски академии, научни друштва и асоцијации на академии. Во меѓувреме, еден дел од овие протоколи се обновени, потпишани се нови договори, а има и мноштво договори само од формална природа кои треба да добијат нова содржина и конкретизација преку иницирање и реализација на нови научни и уметнички проекти. Неопходно е и засилување на соработката на нашата академија со одредени национални академии од високоразвиените држави (на пример, со Германија, со Националната академија „Леополдина“ и со Германското научно друштво „Лајбниц“, академиите на науките и уметностите на Франција, Австрија, Италија, САД, Турција и др.), понатаму со академиите на науките на земјите членки на Црноморската економска кооперативна група, Асоцијацијата на академиите на Југоисточна Европа, со Европската академија и др., каде што нам ни се потребни повеќе индивидуални контакти и заеднички научни проекти со нив и со партнерите од трети земји.

**Советодавната функција на Академијата** има исклучителна важност и тесно е поврзана со нејзиното постоење. На политиката, партиите и дневнополитичките теми не им е местото во неа. Но, во однос на важни, круцијални теми и прашања, кои се однесуваат на развојот на целото општество, МАНУ не смее да молчи, особено доколку има знаење, капацитет и можности, да советува, да дава стратегиски насоки и да ги антиципира работите. Принципот на општествена одговорност на Академијата обврзува на соочување со проблемите и предизвиците во сите сфери на општественото живеење

(идентитетските прашања поврзани со македонскиот јазик, негувањето и чувањето на културно-историското наследство, природното и уметничкото богатство, функционалноста и одржливоста на здравствениот систем, на образовниот систем и на системот за образование и наука, правосудниот систем, енергетскиот и економскиот развој на државата, демографската состојба и политика на државата, технолошките промени и дигиталната трансформација, а во последно време и сè поактуелната артифициелна интелигенција за која некои од земјите во Регионот веќе имаат изработено и национални стратегии итн.), особено во контекст на исполнувањето на критериумите за пристапување на државата во ЕУ како децениски стремеж на нашата држава. Не треба да се занемарат и последните случувања во геополитиката (Украина, Блискиот Исток) кои ги менуваат меѓународните односи на глобално ниво и нема да ја одминат нашата земја во однос на економските и политичките импликации и сл. Во врска со овие прашања, МАНУ треба перманентно да биде во тек со случувањата во однос на науката и уметноста, како и со појавата на нови научни дисциплини и нови уметнички правци, и навремено да иницира и да реализира соодветни истражувачки проекти, од кои ќе произлезат резултати и вистини базирани на научни факти, односно национални стратегии, според кои државните институции би требало да постапуваат и нив да ги користат при решавањето на одредени предизвици. Односно, треба да се следат девизата и традициите на модерните европски национални академии според кои тие одговараат на прашања што владите им ги поставуваат, но исто така одговараат и тогаш кога не се прашани. И тука секогаш треба да биде присутна и потенцирана самостојната и политички независната позиција на МАНУ.

Но, за вакво нешто потребна е поголема гласност на Академијата, повеќе соопштенија, многу повеќе информации до јавноста за тоа што работи Академијата, дека таа има одредена репрезентативна улога која им припаѓа на нејзините членови како заслуга за она што го имаат постигнато за доброто на македонското општество и наука, како и во меѓународни рамки, како повеќедецениски носители на науката, технологијата, културата и уметноста во соодветните области, и пред сè, информации за нејзината научноистражувачка и уметничка дејност, за суштината и вредноста на нејзините проекти. Понатаму, потребни се и бројни промоции на научните резултати и на книжевните изданија, со цел јавноста подетално и континуирано да се запознава со работата на МАНУ.

За таа цел, би сакал да се осврнам подетално на неколку од претходнонаведените круцијални предизвици за македонското општество, на кои би требало да им се обрне посебно внимание, со оглед на фактот што тие перманентно претставуваат тема за критика во сите годишни извештаи на ЕУ, а при јавните релевантни анкети, граѓаните искажуваат сè помалку доверба во одредени државни институции.

Слободно може да констатираме дека во нашето општество е присутна **генерална партизација** на институциите, посебно видлива во јавната администрација, во агенциите, во регулаторните тела, кои треба да бидат независни и слично, што доведува до негирање на критериумите за квалитет, при што се вработуваат кадри по партиска, етничка, роднинска, пријателска и врз друга непринципиелна основа. Тоа перманентно ги ослабува квалитетот и капацитетот на дејствувањето на институциите, а државата ја прави нефункционална. Со вака конципирани институции, со релативно честото непочитување

на уставните одредби и на законите кои произлегуваат од нив, РС Македонија многу тешко ќе се соочи и ќе се бори со предизвиците што ја чекаат при отворањето на поглавјата за членство во ЕУ.

Правичната застапеност е уставна категорија и обврска за јавните институции регулирана со Закон, во кој стои дека таа треба да биде заснована на квалитет и на компетентност, а не на чисто етнички критериуми. Меѓутоа, обидите за злоупотреба на т.н. балансер, како законска обврска според која се распишуваат конкурси само со наведен етникум како главен критериум и настојувањето тој да се применува за вработување и унапредување на кадрите и во научните и независни институции, при што се испуштаат критериумите за квалитет и за компетентност, за МАНУ се неприфатливи и надвор од законската регулатива. Всушност, станува збор за уникатен принцип, каков што не постои никаде во светот, а од друга страна, предизвикува поделби во општеството, и затоа треба што поскоро да се укине.

Понатаму, партизацијата на општеството доведе до нефункционален **правосуден систем** и до селективна правда. Вистина е дека се направени повеќе квалитетни реформи во правосудството со добри решенија, но тие имаат слаба имплементација. Тоа што најмногу ја бранува јавноста се состојбите со Републичкиот судски совет и со Академијата за судии и обвинители. Имено, со Судски совет во кој може да членуваат и оние кои никогаш немале врска со Судот, а мнозинство има секогаш владејачката политичка структура, и со Академија во која се запишуваат кадри повторно според претходно наведените принципи, со што на конкурс за избор на судии и обвинители не може да се јават и други непартиски истакнати професионалци, правници, во никој случај не е возможно креирање на праведен, непартизиран правосуден систем. За тоа, впрочем, сведочат и многубројните пресуди добиени во Судот за човекови права во Стразбург.

Би ја споменал и прекумерната употреба на **европското знаменце** при донесувањето на законите, со што се избегнува суштинската јавна дебата во Собранието и надвор од него, како и непочитувањето на мислењата на **Венециската комисија**, со што тие стануваат закони кои не се во согласност со европските критериуми и стандарди. Оттука, еден ден, кога фактички ќе почнат преговорите за членство во Унијата, тие ќе мора повторно да се менуваат.

**Здравствениот систем** постепено се руинира со асиметричното учество на приватниот сектор, што како модел е меѓу ретките на Балканскиот Полуостров и пошироко, особено ако се знае дека Македонија е една од посиромашните држави во Регионот. Најголем удар на системот му е зададен со укинувањето на Законот за Медицински факултет (*lex specialis* од 1947 година) како Универзитетска установа од посебен општествен интерес, со последователно одделување на Клиничкиот центар од Факултетот и од УКИМ. Така, единствената универзитетска болница за терциерна здравствена заштита прерасна во јавна здравствена установа (ЈЗУ), во чиишто клиники раководителите, наместо деканот и факултетската управа, ги назначува ресорниот министер, а тие веќе не мора да бидат професори, туку директори може да бидат и асистенти и други специјалисти, со што се наметна политизација на Клиничкиот центар. Во меѓувреме, тој се подели на 32 јавни здравствени установи (ЈЗУ), секоја со свој управен одбор и со по два директора со врзан потпис, или вкупно 32 управни одбори и 64

директори. Всушност, скопскиот Клинички центар, некогаш престижен во Регионот, се претвори во единствен на таков начин организиран, скап, партизиран и нефункционален болнички систем. На тој начин, исчезна срцето на македонската медицина, од каде што излегуваа квалитетни медицински кадри, и претставуваше пример за добра здравствена организација. Ако на тоа се додадат и ниските лични примања, недоволното финансирање и скудните инвестиции во инфраструктурата и во опремата на државните медицински установи, како и слабиот развој на регионалните болници, логичен резултат е масовно преминување на најквалитетните медицински кадри, во кои државата повеќе децении вложувала, во приватниот сектор и нивно заминување во странство, со последователно руинирање на државниот здравствен систем и загрозување на неговата одржливост. Таквите слабости посебно се покажаа и излегоа на површина за време на пандемијата од ковид-19, понатаму со случувањата поврзани со лекувањето на онколошки дијагностицирани пациенти и на пациенти со други ретки заболувања, како и случувањата со пациенти во тешки, животнозагрозувачки состојби и со компликации.

Исто така, ќе се осврнам и на хипертрофираната мрежа на **системот на високото образование,** со над 20 универзитети, од кои 6-7 државни и останатите приватни, кој доведе до инфлација на додипломските, постдипломските и на докторските студии, нивна комерцијализација, плаќање на високи партиципации во приватните високообразовни институции и оптоварување на буџетот на граѓаните. Во мала и сиромашна земја, каква што е РС Македонија, треба да се преферираат државни универзитети (во ограничен број, соодветно на големината на земјата), а критериумите за формирање приватни универзитети, вклучувајќи ги тука и нивната акредитација и нивната реакредитација, треба силно да се заострат. Ако на ова се додаде и фактот што досега функционира само системот на акредитација на нови универзитети и студиски програми, а нема пример за направена евалуација на резултатите и за процена на квалитетот на научниот и едукацискиот придонес на институциите и нивно рангирање, тогаш сосема е јасно каде води ваквиот образовен систем.

**Научноистражувачката работа** е потценета, со долгорочна тенденција кон опаѓање на издвојувањата за истражување и развој – сега тој процент изнесува само 0,3 % од бруто-домашниот производ на земјата и се вбројува меѓу најниските во Регионот, четирипати понизок во однос на европскиот просек и фрапантно понизок, т. е. десетпати понизок во однос на износот што се издвојува во високоразвиените европски земји. Во согласност со една современа студија, доколку процентот кој се одвојува е 1 %, науката може да опстојува, при вредност од 1,5 % таа опстојува и сама си ги покрива трошоците, а кога ќе достигне 2 % тогаш науката опстојува и има резултати кои доведуваат до иновации, технолошки развој и профит за државата, со кој таа си ги враќа финансиите назад. МАНУ треба да биде обединител на општествената наука и да застане на чело на научната јавност во државата заради подобрување на состојбите во науката. Исто така, мора да има главен удел и во создавањето квалитетни млади научници, способни за трансфер на технологии, што претставува долготраен процес, а ние веќе бележиме неколкудецениски вакуум. Потребни се дополнителни финансиски средства за нивно вработување и ангажирање во подготовката на меѓународни и национални проекти. Академијата веќе подолго време предлага формирање на посебно Министерство за наука и силен Фонд за наука при Владата, во кој посебна експертска комисија ќе врши

распределба на средствата. Во оваа насока, Центарот за стратегиски истражувања на МАНУ, врз основа на иницијативата на Претседателот на МАНУ и во рамките на Програмата за 2024 година, во соработка со Интеруниверзитетската конференција на РСМ и Националниот совет за високо образование и наука, веќе организира циклус на научно-стручни расправи, посветени на оваа тематика, со цел да се донесат национални стратегии за моделот на финансирање и развој на високото образование и науката.

Државата, исто така, сè повеќе се соочува и со **демографските проблеми** (стареењето на населението, намалувањето на наталитетот, и со тоа и на понудата на трудот, нејзиниот **моноцентричен развој** предизвикува масовно доселување во главниот град, со можност за згаснување на повеќе населени места во земјата), **миграциите** во странство, посебно на млади високообразовни кадри, во кои нашата земја инвестирала, во основа претставуваат губење на човечкиот капитал и сл.

Сите овие и други општествени аномалии и појави, кои се предмет на критика во годишните извештаи на ЕУ, доведуваат до правна и здравствена несигурност, до образование со дипломи и едукација кои вредат само во земјата при партиски вработувања, но не и надвор од неа, понатаму до енергетска, еколошка и друга несигурност, причини кои се повеќе од доволни за иселување не само на млади, но и на постари граѓани, што ќе ја направи државата демографски нестабилна земја, во која ќе живее сè повозрасно население, со загрозен пензиски и социјален систем.

Македонската академија на науките и уметностите има институционален капацитет, преку научно фундирани стратегии, да ѝ помогне на државата во борбата со овие тешки општествени појави. Ние може да се гордееме со резултатите што ги постигнуваат академиците во одделенијата на МАНУ и во нејзините центри, со нивното учество во меѓународни проекти, а потоа со нивно публикување во меѓународни списанија со фактор на влијание и со високо реноме, но, сега, поради присуството на споменатите општествени аномалии и предизвици, ќе биде неопходно **насочување на Академијата кон државата** и битно зголемување на бројот на **национални проекти** во наредниот период, почнувајќи од 2024 година. Новото раководство на МАНУ веќе има иницијатива за отворена научна, книжевна и уметничка дебата во одделенијата и центрите на Академијата, од која, во разумен временски рок, се очекува да произлезат предлози за национални секторски проекти, од чии резултати, пак, ќе произлезат стратегии за решавање на детектираните проблеми. До добри решенија, секако, ќе се дојде преку опстојна внатрешна анализа на состојбите и преку компарација со меѓународните искуства. Состојбата во државата во која општеството е поделено по повеќе основи е комплицирана, па затоа е потребно, пред сè, национално единство за најважните државни прашања, многу работа, посветеност и истрајност, со цел работите постепено да се менуваат кон подобро.

Тука, секако, нема да биде доволно само вложувањето на академиците и на научните соработници во МАНУ. Неопходно ќе биде и тесно поврзување и соработка со професорите и со експертите, пред сè, од нашиот најстар Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ), но и со сите други универзитети и релевантни научни институции во државата, како и со експерти од други академии во Регионот и од други научни

институции во Европа и пошироко. Академијата секако дека треба да биде **во постојан контакт и дијалог** со државните институции, **со Владата и со нејзините ресорни министерства**, и во рамки на нејзината советодавна функција да придонесе за разрешување на горливите проблеми со кои е соочено нашето општество. Притоа, **самостојноста и независноста на МАНУ**, како највисока научна и уметничка институција, била и мора и понатаму да остане константа во нашето целокупно работење. Во контекст на исполнувањето на критериумите за пристапување на државата во ЕУ, како наш децениски стремеж, очекувано и разумно е да сметам и да апелирам **советодавната улога на МАНУ** да биде финансиски поддржана од Владата.

Во оваа пригода, како професионалец, хирург уролог и трансплантолог и како научник кој повеќе години од својот работен век поминал, пред сè, на Париските универзитети, но и на оние во САД, заради едукација, научни истражувања и соработка, би сакал уште еднаш да ја промовирам **европската идеја за Македонија**, која е стара колку и земјата македонска. Сметам дека во нашата држава доминантните политички партии и мнозинството граѓани на земјата се определени за полноправно членство на земјата во ЕУ и ова не смее да се злоупотребува и да предизвикува поделби во општеството на оние кои се за или против ЕУ и евроатлантските интеграции. Во овој контекст, ќе истакнам дека современиот македонски народ како последен словенски слој на македонската цивилизација, кој се гордее со делото на сесловенските свети браќа Кирил и Методиј, прогласени за просветители на Европа, потполно е свесен дека е европски народ и дека местото му е во европската заедница на народите. Евроскептицизмот што се јавува во последно време претставува резултат од пречките кои ЕУ неправедно ни ги постави на нашиот европски пат, а кои најмногу се однесуваат на меѓународно преземените обврски што произлегоа од потпишувањето на Договорот од Преспа и на оној за добрососедство со соседна Бугарија, кои, всушност, поминаа без вистински референдум, иако по значење претставуваа референдумски прашања, чиишто последици се евидентни и сè уште не им се гледа крајот. За нив, земјата направи болни компромиси, но и покрај тоа изостана отворањето на процесот на преговори со ЕУ. Само преку рамноправен дијалог и соработка со соседите и со ЕУ може да се дојде до разумни решенија за создадените проблеми, зачувувајќи ги притоа и културното и историското наследство, кои му припаѓаат на македонскиот народ како европска вредност.

Прашањата, предизвиците и проблемите на евроатлантскиот интеграциски процес на државата ќе бидат значаен приоритет во активноста на МАНУ. Во текот на 2024 година, Центарот за стратегиски истражувања на МАНУ и Советот на МАНУ за евроинтеграции ќе ја интензивираат соработката со Секретаријатот за европски прашања на Владата и со други владини ресори и тела, со цел МАНУ активно да учествува во давањето сугестии, забелешки и предлози при конципирањето и подигањето на квалитетот на документите од посебно значење за развојот на земјата, а во тие рамки и за евроатлантскиот интеграциски процес.

Почитувани присутни, во последниот дел од моето излагање би сакал да се осврнам и на проблемите конкретно поврзани со Академијата (со објектот во кој таа битисува, вработените, законската регулатива, со финансиите и др.), кои можат да имаат значително влијание врз реализацијата на предвидената програма.

**Развојот и зајакнувањето на улогата на одделенијата и на центрите** во МАНУ е еден од најважните предуслови за реализирање на горните приоритети. Човечките ресурси

и современата опрема се битни за зачувување на структурната организација на Академијата. Па така, мобилизирањето млади кадри и приемот на најмалку 10 до 15 нови најдобри студенти и талентирани млади научници во центрите на МАНУ ќе бидат во прилог на една од најважните општествени функции на Академијата, а тоа е создавањето на млад научен подмладок како гарант за иднината на науката и на технолошкиот развој на државата. Понатаму, неколку одделенија се значајно ослабени поради возраста на членовите и поради испразнетите места, и во врска со тоа ние мора да водиме грижа при наредните избори на нови членови на МАНУ, та нив да им дадеме предност (такви се, на пример, Одделението за технички науки, Одделението за уметност и др.). Исто така, има важни области кои не се покриени со дописни и редовни академици, како на пример: композитори од музичката уметност, филмски/театарски режисери, вајари, архитекти, етнолози, фолклористи, социолози и други, и би било добро уште сега, во 2024 година, една година пред наредниот избор, да почнеме да размислуваме за можни кандидати од овие профили. Нашиот изборен систем е добар и со јасни научни и уметнички критериуми, кои гарантираат прием на најквалитетни кандидати.

**Издавањето на Македонската енциклопедија** за мене претставува нереализиран мегапроект од исклучително значење. Ова капитално дело, чија содржина е врзана за културата, историјата, религијата, обичаите и јазикот, пред сè, на Македонците, но и на другите делови од народите кои живеат во Македонија, во минатото и во сегашноста, треба да биде реализирано. Претходната година бев во посета прво на Црногорската академија на науките и уметностите, а потоа и на Академијата на науките и уметностите на Република Српска, и имав можност да видам со колкава љубов и со каков ентузијазам овие академии пристапуваат кон издавањето на нивните енциклопедии како капитални дела. Во Црна Гора штотуку го издадоа вториот том, а во Бања Лука 5-тиот том, од предвидените 11 тома со околу 12.000 дефинирани одредници, додека повеќето околни соседни земји (Србија, Хрватска, Бугарија и др.) веќе имаат издадено енциклопедии. Македонскиот народ и нација се мали, но земјата македонска се одликува со пребогата историја, култура, уметност, книжевност, со високи научни достигнувања и со илјадници вредни факти кои треба да бидат прикажани и сочувани. Затоа ќе се залагам за конечна реализација на овој значаен проект, на начин којшто ќе произлезе од опсежни анализи и консултации. МАНУ и нејзиниот Лексикографски центар имаат капацитет и искуство тоа да го направат.

Понатаму, неопходно е **правно, административно и финансиско консолидирање** на Академијата со цел да се обезбеди нејзино непречено функционирање. Во моментот недостасува соодветна правна регулатива, пред сè, во врска со Законот за МАНУ кој, како *lex specialis* е донесен во далечната 1967 година, во СФРЈ, а подоцна усогласен во Република Македонија. Сега е потребно негово повторно усогласување со законодавството во државата, што покрај правна, ќе овозможи и нова, поповолна финансиска рамка за нормално функционирање и развој на Академијата, на начин кој ќе ги гарантира самостојноста и независноста на МАНУ како највисока научна и уметничка институција во вршењето на нејзината општествена функција.

**Зголемување на капиталните инвестиции**: Во наредниот период, потребно е значително зголемување на капиталните инвестиции во Академијата, т. е. на буџетските ставки наменети за одржување на деловниот објект на МАНУ. За таа цел ќе биде

потребно, во најбрз можен рок, во текот на 2024 година, да се направи предлог-проект за етапно реновирање на зградата на МАНУ, изградена пред околу 50 години – стариот објект, и новиот, пред 25 години, врз која во повеќе наврати се преземани одредени помали зафати за нејзино санирање. Но, сега, состојбата на објектот е таква што наложува поголемо и темелно инфраструктурно интервенирање врз покривната граѓа, стаклените ѕидови, инсталациите и ентериерот, секако, почитувајќи ги законските регулативи во сферата на градежништвото и архитектурата. Зградата проектирана од проф. Борис Чипан од Архитектонскиот факултет во Скопје, која е заштитен споменик на културата, како наградено архитектонско дело со највисоката југословенска Борбина награда, и како една од најубавите академии во Регионот, го заслужува тоа.

Во тек е усовршување и допрецизирање на Статутот на МАНУ, донесување на нови и коригирање на старите правилници со кои значително ќе се олесни научноистражувачката работа и онаа на администрацијата. Понатаму, од исклучителна важност е комплетирањето на службите на Секретаријатот на МАНУ, каде што се создадоа мноштво празни работни места по пензионирањето, како и по напуштањето на Академијата од некои профили, поради ниските лични доходи и неможноста за нови вработувања, што е случај и со научните соработници во центрите на МАНУ. Државните институции, одговорни за вработувањата во јавниот сектор, мора да најдат разбирање и овие празни работни места да се пополнат со соодветен квалитетен кадар, со цел да се нормализира функционирањето на Секретаријатот.

**Соодветен буџет** е неопходен за реализација на досегананаведените приоритети. Главен извор на средства за финансирање на дејноста на Академијата претставува Буџетот на РСМ. Мора да се истакне дека во последните четири години тој постепено се намалува, па така, како што претходно споменав, за 2024 година средствата преодредени за основната дејност ќе бидат помали за повеќе од 40 %. Со аргументирана упорност и ентузијазам ќе продолжиме да преговараме со надлежните финансиски институции во државата, со цел да добиеме буџет повисок во сите стапки, кој, меѓу другото, ќе овозможи повисоки лични доходи за вработените во Академијата какви што ѝ прилегаат на МАНУ, како и соодветни државни награди на академиците, кои моментално се меѓу најниските во Регионот. И она што е најважно, нам ни е потребен значајно посилен фонд за научноистражувачката и уметничката дејност, како и за издавачката дејност, која е интегрален дел на основната дејност на МАНУ, кој од 2019 година, кога изнесуваше 23 милиони денари, постојано се намалува, и за 2024 година се доделени само 13 милиони денари. Академијата како највисока научна и уметничка институција во државата треба да се бори за значајно зголемување на стапката која државата ја одвојува за наука, а која се вбројува како една од пониските во Регионот и пошироко, бидејќи нема врвна наука без финансии и нема напредно општество со маргинализирање на науката.

Почитувани академици, уважени гости,

МАНУ, како и досега, активно ќе учествува и ќе дава целосен придонес во спроведувањето на реформските процеси и приоритети на земјата, преку нивно научно следење, истражување и осмислување, како и преку обезбедување експертска помош, особено во автономните сфери на општеството – науката, уметноста, културата и

образованието. Тоа е не само наша законска обврска туку и наша морална должност и одговорност – да ја градиме нашата земја како модерно, демократско, мултикултурно и економски просперитетно општество, ориентирано кон вредностите и целите на ЕУ.

Ви благодарам за вниманието.